**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА ЕЛЕКТРОНСКОТО УЧЕБНО ПОМАГАЛО СО НАСЛОВ „ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК 1 - ПРАКТИКУМ“ ОД ДОЦ. Д-Р СВЕТЛАНА ЈАКИМОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на својата 152. седница, одржана на 22.2.2017 година, нè избра за рецензенти за издавање на електронски практикум со наслов „Француски јазик 1 - практикум“ од доц. д-р Светлана Јакимовска. Заблагодарувајќи му се на Наставно-научниот совет на овој Факултет за укажаната чест го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Електронскиот ракопис под наслов „Француски јазик 1 - практикум“ од доц. д-р Светлана Јакимовска е конципиран како универзитетски практикум за потребите на студентите по предметот Француски јазик 1 (СТРАНСКИ ЈАЗИК 1) на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Овој предмет е застапен со фонд на часови 2+1 во I (прв) семестар од прва година на студии. Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа целосно материјата од вежбите по предметот Француски јазик 1.

Учебното помагало „Француски јазик 1 - практикум“ претставува дополнување на веќе издадената скрипта „Француски јазик 1“. Во таа смисла, практикумот претставува учебно помагало кое се стреми да им го олесни на студентите патот низ тајните на францускиот јазик. Вежбите поместени во практикумот „Француски јазик 1“ имаат за цел да му помогнат на студентот да се користи во основна форма со базичните јазични вештини: разбирање, зборување, читање и пишување. Како прв практикум по француски јазик во електронска форма, овој практикум претставува значаен придонес во лингводидактичката литература за француски јазик во Република Македонија.

Електронскиот практикум се состои од 74 страници текст во А4 формат и тој ги содржи следните делови: Содржина, Предговор, Вежби распределени во 13 лекции, Дополнителни вежби преку кои се сумираат стекнатите знаења во делот *Pour aller plus loin* и Клуч со точни решенија на прашањата за електронски испит.

Според авторката, учебното помагало „Француски јазик 1 - практикум“ *„...има за цел на студентите да им понуди можност да ги проверат сопствените знаења преку самостојна работа, но и да ги надградат стекнатите знаења и да се нурнат подлабоко во франуската лексика, граматика, фонетика и култура“.*

Подеднакво како скриптата, така и практикумот ги почитува препораките на *Европската заедничка референтна рамка за јазици*, на нивото А1. Тој ја следи граматичката и комуникативната прогресија воспоставена со скриптата.

Вежбите за секоја од лекциите поместени во практикумот се распределени во неколку катчиња и тоа: Катче за граматика и вокабулар, потоа Фонетско катче, Модели на прашања за електронскиот испит, Видео катче и Катче со пословица.

Вежбите кои се однесуваат на граматиката и вокабуларот следат одредена прогресија, па се движат од затворени вежби (со заокружување или поврзување, на пример) кон отворени вежби во кои се бара студентот активно да ги искористи стекнатите знаења. Понудените материјали се разновидни, содржат слики, но и автентични документи, а вежбите се разликуваат и по својата форма: крстозбор, осумнасочник, воочување на натрапникот, востановување на правилен зборored, вежби за писмено и усно изразување според слика итн.

Фонетското катче нуди линкови до видеа во кои се објаснува правилниот изговор на фонемите, како и брзозборки кои ги содржат соодветните фонеми.

Моделите на прашања за електронски испит се наменети за студентите кои го полагаат францускиот јазик како универзитетски изборен предмет, по електронски пат. Станува збор за 4 типа на прашања: да/не прашања, избор на еден точен одговор, избор на повеќе точни одговори и вежби со поврзување. Точните решенијата на прашањата за електронски испит се дадени на самиот крај на практикумот.

Во катчето наменето за видео содржини најчесто се нудат линкови до видеа придружени со вежби кои може да се користат на платформата на tv5monde. Но, во рамките на ова катче може да се сретнат и линкови до вежби со караоке од платформата bonjourdemonde, како и музички содржини и видеа за кои авторката нуди вежби адаптирани на соодветниот материјал.

Конечно, на крајот на секоја единица е понудена по една пословица која има двојна функција. Од една страна, пословицата му овозможува на студентот допир со француската култура и запознавање со еден специфичен начин на изразување, но од друга страна, пословицата е тесно поврзана со усвојувањето на граматичките или лексичките содржини од соодветната лекција. Така, во лекцијата во која се усвојува глаголот *faire* е понудена пословицата *L'intention fait l'action,* додека во лекцијата во која се усвојуваат називите на деновите во седмицата ја сретнуваме пословицата *Tel qui rit vendredi, samedi pleurera*.

Тематски, практикумот ја следи скриптата, па вежбите се однесуваат на теми како што се: школски час, книги, музика, патувања, семејство, автобуски и железнички превоз, временски услови и сезони, занимања, студирање, работа, спортови, кујна, Штип, зеленчук, овошје и пијалаци, облека. Се разбира дека практикумот овозможува проширување на сознанијата и можностите за изразување во рамките на овие тематски единици. На крајот, веднаш по лекциите е поместен делот *Pour aller plus loin* кој нуди сумирање на стекнатите знаења и нивно проширување. Во таа смисла се нудат линкови за брзозборки со посложена структура, но и културни содржини од македонската и од француската култура. Студентот, на тој начин, се поттикнува да зборува за на пр. едно типично јадење од штипскиот регион – пастрмајлијата, но и да ги споредува македонското и француското знаме. Освен овие културни и цивилизациски содржини, во практикумот сретнуваме информации за градот Ница и за познатиот француски хумористичен филм *Le dîner des cons*.

Електронското учебно помагало „Француски јазик 1 - практикум" содржи елементи кои се од големо значење за студентите што го изучуваат францускиот јазик. Имено, тој ги користи можностите на современата технологија, односно електронската форма за да даде линк до бројни сајтови со ресурси за изучување на францускиот јазик. Во практикумот се поместени, исто така, и бројни слики (цртежи и фотографии) како составен дел од задачите пред кои е поставен студентот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Електронското учебно помагало „Француски јазик 1 - практикум“ на д-р Светлана Јакимовска претставува учебно помагало изработено според современи научни и лингво-дидактички стандарди. Како дополнение на скриптата „Француски јазик 1“, практикумот содржи дидактички материјали кои се стремат да ги дополнат и прошират можностите на студентите да го разбираат и користат францускиот јазик во различни говорни ситуации, предвидени со нивото А1.1 од *Европската заедничка референтна рамка за јазици*. Од друга страна, практикумот се осврнува и на разни аспекти од француската и од македонската култура, настојувајќи да му ги открие на студентот тајните на француската култура, но и да го оспособи да ги претставува карактеристиките на македонската култура. Бројните линкови до веб-страници со разновидни ресурси за изучување на францускиот јазик му овозможуваат на студентот преку работа на час, но и преку самостојна работа да ги дополнува и проширува своите знаења користејќи ја современата технологија.

Имајќи го предвид горенаведеното, можеме со задоволство да му препорачаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја усвои нашата рецензија и да го одобри за издавање електронското учебно помагало под наслов „Француски јазик 1 - практикум“ од доц. д-р Светлана Јакимовска.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Радица Никодиновска, вонреден професор, с.р.**